Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 193/0306
22.09 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 29.08.2023 година, врз основа на примена жалба од Фуркан Салиу за порталот Вечер.мк, го донесе следново:

# МИСЛЕЊЕ

Текстот со наслов „Петок навечер во Приштина: Две албански групи слушале опера и гледале балет“, објавен на интернет порталот Вечер.мк на 05.08.2023 година, отстапува од професионалните и етички стандарди утврдени во членот 1. од Кодексот на новинарите на Македонија и Насоките за етичко известување на онлајн медиумите.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 05.08.2023 година пристигна жалба од Фуркан Салиу за нарушување на етичките стандарди од страна на порталот Вечер.мк.

Во жалбата се наведува дека во текстот „Петок навечер во Приштина: Две албански групи слушале опера и гледале балет" има неточно и нефер известување, повреда на приватноста и говор на омраза.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, побара одговор на неа од порталот Вечер.мк. Но, тој не беше добиен.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е основана и со мнозинство гласови одлучи дека е прекршен членот 1 од Кодексот на новинарите на Македонија и Насоките за етичко известување на онлајн медиумите.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

На седницата одржана на 29 август 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и изврши увид во оспорената содржина. Беше утврдено дека Вечер.мк со одбраниот наслов: „Петок навечер во Приштина: Две албански групи слушале опера и гледале балет", манипулира со читателите, бидејќи насловот воопшто не одговара на содржината и фактите изнесени во текстот.

Во текстот воопшто не станува збор за оперска и балетска претстава на која присуствувале албански групи, туку за тепачка и престрелка меѓу две групи што се случила во центарот на Приштина. Употребата на ироничниот наслов и наднаслов („17 повредени во престрелка, а едно лице не се бори за живот"), за сериозен настан што се случил во соседно Косово, е непрофесионална и манипулативна постапка на уредништвото Вечер.мк, со која читателите намерно се доведуваат во заблуда.

*Член 1*
*Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.*

*1.3. Онлајн медиумите нема да објавуваат неточни, пристрасни или манипулативно обликувани текстови, фотографии или други содржини со кои читателите намерно се доведуваат во заблуда. Фотомонтажите, обработените фотографии или други интервенции во автентични документи мора да се јасно разграничени од оригиналот и означени како такви со соодветен текст.*

***

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595